11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА

Член 1

Во Законот за возила ("Службен весник на Република Македонија" број 140/2008), во членот 11 точка 1 по алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- формата и содржината на барањето и потребната документација за издавање на одобрение за единечно одобрување на возило од членот 17 став (7) на овој закон,".

Член 2

Во членот 17 по ставот (5) се додаваат 19 нови става (6), (7), (8), (9) ,(10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23) и (24), кои гласат:

„(6) По барањето од ставот (3) на овој член, органот за одобрување е должен да постапи во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

(7) Доколку органот за одобрување не го донесе одобрението за единечно одобрување на возило, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во став (6) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија и директорот да донесе одобрение за единечно одобрување на возило.

(8) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(9) Директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија, е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (6) на овој член, до архивата на директорот на органот за одобрување, да донесе решение со кое ќе се констатира дека барањето за издавање на одобрение за единечно одобрување на возило е уважено или одбиено. Доколку директорот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот за одобрување - Бирото за метрологија.

(10) Кон барањето за издавање на одобрение за единечно одобрување на возило, барателот доставува и копија од барањето од ставот (6) на овој член .

(11) Доколку директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија не донесе решение во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(12) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известување од ставот (11) на овој член да изврши надзор во органот за одобрување - Бирото за метрологија дали е спроведена постапка согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Инспекторот од Државниот управен инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија надлежен за издавање на одобрение за единечно одобрување на возило во рок од десет дена да одлучи по поднесено барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(14) Доколку директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријави до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа приговорот од ставот (16) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (12) и (13) од овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (14) и (15) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот за одобрување - Бирото за метрологија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Во случајот од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(19) Во случаите од ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(20) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (17) од овој член, поднесителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(21) Доколку директорот на органот за одобрување - Бирото за метрологија не одлучи во рок од ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(22) Постапката пред Управниот суд е итна.

(23) Подзаконскиот акт од ставот (8) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(24) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (8) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот за одобрување - Бирото за метрологија.“

Член 3

Подзаконскиот акт предвидени во членот 1 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

---

# L I GJ
# PËR PLOTESIMIN E LIGJIT PËR AUTOMJETE

Neni 1

Në Ligjin për automjete ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise", numer 14/2008) në nenin 11 pika 1 pas alinese 7 shtohet aline e re 8, si vijon:

"- formen dhe permbajtjen e kerkeses dhe dokumentacionin e nevojshem për leshimin e lejes për lejim veç e veç të automjetit nga neni 17 paragrafi (7) i ketij ligji;".

Neni 2

Në nenin 17, pas paragrafit (5) shtohen 19 paragrafe të rinj (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23) dhe (24), si vijojne:

"(6) Për kerkesen nga paragrafi (3) i ketij neni, organi për miratim detyrohet që të veproje në afat prej 15 ditesh nga dita e parashtrimit të kerkeses.

(7) Nese organi për miratim nuk miraton leje për lejim veç e veç të automjetit, perkatesisht nuk miraton aktvendim për refuzimin e kerkeses në afatin nga paragrafi (6) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses ka të drejte që në afat prej tri diteve të punes, të parashtroje kerkese në sekretarine e drejtorit të organit për miratim-Byroja për Metrologji dhe drejtori të miratoje leje për lejim veç e veç të automjetit.

(8) Formen dhe permbajtjen e formularit të kerkeses nga paragrafi (7) i ketij neni, i percakton ministri i Ekonomise.

(9) Drejtori i organit për miratim-Byroja për Metrologji, detyrohet që në afat prej pese diteve të punes nga dita e parashtrimit të kerkeses nga paragrafi (6) i ketij neni, në sekretarine e drejtorit të organit për miratim, të miratoje aktvendim me të cilin do të konstatoje se kerkesa për leshimin e lejes për lejim veç e veç të automjetit pranohet apo refuzohet. Nese drejtori nuk ka sekretari kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së organit për miratim-Byroja për Metrologji.

(10) Me kerkesen për leshimin e lejes për lejim veç e veç të automjetit, kerkuesi dorezon edhe kopje nga kerkesa nga paragrafi (6) i ketij neni.

(11) Nese drejtori i organit për miratim-Byroja për Metrologji nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi (9) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ në afat prej pese diteve të punes.

(12) Inspektorati Shteteror Administrativ detyrohet që në afat prej dhjete ditesh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi (11) i ketij neni, të kryeje mbikeqyrje në organin për miratim-Byrone për Metrologji nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

(13) Inspektori i Inspektoratit Shteteror Administrativ pas mbikeqyrjes së kryer në pajtim me ligjin miraton aktvendim me të cilin e ngarkon drejtorin e organit për miratim-Byrone për Metrologji kompetent për leshimin e lejes për lejim veç e veç të automjetit që në afat prej dhjete ditesh të vendose për kerkesen e parashtruar, perkatesisht ta miratoje apo refuzoje kerkesen dhe ta njoftoje Inspektoratit Shteteror Administrativ për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet edhe kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e parashtruar.

(14) Nese drejtori i organit për miratim-Byroja për Metrologji nuk vendos në afatin nga paragrafi (13) i ketij neni, inspektori do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin drejtori i cili udheheq organin do të vendose për kerkesen e parashtruar për cfare në afatin e njejte do ta njoftoje inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet edhe kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e parashtruar. Inspektori në afat prej tri diteve të punes e informon parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

(15) Nese drejtori i organit për miratim-Byroja për Metrologji nuk vendos edhe në afatin plotesues nga paragrafi (14) i ketij neni, inspektori në afat prej tri diteve të punes do të parashtroje kallezime te prokurori publik kompetent dhe në atë afat e informon parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

(16) Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi (12) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses në afat prej pese diteve të punes ka të drejte që të parashtroje kundershtim në sekretarine e drejtorit të Inspektoratit Shteteror Administrativ. Nese drejtori nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së Inspektoratit Shteteror Administrativ.

(17) Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ detyrohet që në afat prej tri diteve të punes nga dita e pranimit ta shqyrtoje kundershtimin nga paragrafi (16) i ketij neni dhe nese konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kerkeses nga paragrafet (12) dhe (13) të ketij neni dhe/ose nuk parashtron kallezim në pajtim me paragrafet (14) dhe (15) të ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin inspektori do të kryeje mbikeqyrje në organin për miratim-Byrone për Metrologji nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

(18) Në rastin nga paragrafi (17) i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, menjehere, e më së voni në afat prej një dite pune, do të autorizoje inspektor tjeter që ta kryeje mbikeqyrjen menjehere.

(19) Në rastet nga paragrafi (18) i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ në afat prej tri diteve të punes, e informon parashtruesin e kerkeses.

(20) Nese drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (17) të ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent në afat prej tete diteve të punes.

(21) Nese drejtori i organit për miratim-Byroja për Metrologji nuk vendos në afatin nga paragrafi (15) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të ngrite kontest administrativ në gjykaten kompetente.

(22) Procedura në Gjykaten Administrative eshte urgjente.

(23) Akti nenligjor nga paragrafi (8) i ketij neni miratohet në afat prej 15 ditesh nga dita e miratimit të ketij ligji.

(24) Pas miratimit të aktit nenligjor nga paragrafi (8) i ketij neni, ai menjehere, e më së voni në afat prej 24 oresh publikohet në ueb faqen e organit për miratim-Byrose për Metrologji.

Neni 3

Akti nenligjor i parapare në nenin 1 të ketij ligji, do të miratohet në afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi e ketij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi diten e ardhshme nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1467.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акредитација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр.07-1993/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

Член 1

Во Законот за акредитација ("Службен весник на Република Македонија" број 120/2009), членот 27 став (1) се менува и гласи:

"Ако по завршувањето на постапката за акредитација се утврди дека барателот ги исполнува барањата согласно со членот 25 од овој закон, директорот на Институтот во рок од пет работни дена издава сертификат за акредитација со што барателот стекнува својство на акредитирано тело."

Член 2

Членот 28 ставот (1) се менува и гласи:

"Ако барателот не ги исполнува барањата за акредитација од членот 25 на овој закон, директорот на Институтот во рок од пет работни дена ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за доделување на сертификат за акредитација."

Член 3

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

"Член 28-а

(1) Доколку директорот на Институтот не донесе решение во рокот од членовите 27 став (1) и 28 став (1) на овој закон, подносителот на барањето може да го извести државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(2) Формата и содржината на известувањето од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за економија.

(3) Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој член да изврши контрола во Институтот дали е спроведена постапката согласно со членовите 27 став

(1) и 28 став (1) од овој закон и во рок од три работни дена од денот на извршената контрола да го извести барателот за преземените мерки.

(4) Инспекторот по извршената контрола согласно со членовите 27 став (1) и 28 став (1) од овој закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Институтот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(5) Доколку директорот на Институтот не одлучи во рокот од ставот (4) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот на Институтот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го известува барателот за преземените мерки.

(6) Доколку директорот на Институтот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (5) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира барателот за преземените мерки.

(7) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(8) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа приговорот од ставот (7) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (1) и/или не поднесе пријава согласно со ставот (6) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши контрола во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со членовите 27 став (1) и 28 став (1) од овој закон и во рок од три работни дена од денот на извршената контрола да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од три работни дена против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Во случајот од ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да ја спроведе контролата веднаш.

(11) Во случаите од ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (7) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(13) Доколку директорот на Институтот не одлучи во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(14) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 4

Подзаконскиот акт од членот 28-а став (2) на овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член, истиот се објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа на веб страницата на Институтот.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

---

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR AKREDITIM

Neni 1

Në Ligjin për akreditim ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 120/2009) neni 27 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Nese pas perfundimit të procedures për akreditim vertetohet se kerkuesi i ploteson kushtet në pajtim me nenin 25 të ketij ligji, drejtori i Institutit në afat prej pese ditesh pune leshon certifikate për akreditim me të cilen kerkuesi e merr cilesine e trupit të akredituar."

Neni 2

Neni 28 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Nese kerkuesi nuk i ploteson kerkesat për akreditim nga neni 25 i ketij ligji, drejtori i Institutit në afat prej pese ditesh pune do të marre aktvendim me të cilin do ta refuzoje kerkesen për ndarjen e certifikates për akreditim."

Neni 3

Pas nenit 28 shtohet neni i ri 28-a, si vijon:

"Neni 28-a

(1) Nese drejtori i Institutit nuk marre aktvendim në afatin nga nenet 27 paragrafi (1) dhe 28 paragrafi (1) të ketij ligji, parashtruesi i kerkeses mund ta informoje Inspektoratin Shteteror Administrativ në afat prej pese ditesh pune.

(2) Formen dhe permbajtjen e njoftimit nga paragrafi (1) i ketij neni, i percakton ministri i Ekonomise.

(3) Inspektori eshte i obliguar që në afat prej dhjete ditesh nga pranimi i njoftimit nga paragrafi (1) i ketij neni, të kryeje kontroll në Institut nese eshte realizuar procedura në pajtim me nenet 27 paragrafi (1) dhe 28 paragrafi (1) të ketij ligji dhe në afat prej tri ditesh pune nga dita e kontrollit të kryer, ta informoje kerkuesin për masa të marra.

(4) Inspektori pas kontrollit të kryer në pajtim me nenet 27 paragrafi (1) dhe 28 paragrafi (1) të ketij ligji, miraton aktvendim me të cilin e detyron drejtorin e Institutit që në afat prej dhjete ditesh të vendose për kerkesen e parashtruar, perkatesisht ta lejoje ose refuzoje kerkesen dhe ta informoje inspektorin për aktin e miratuar dhe t'i dergoje ekzemplar nga akti me të cilin eshte vendosur për kerkesen.

(5) Nese drejtori i Institutit nuk vendos në afatin nga paragrafi (4) i ketij neni, inspektori do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksion administrativ dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese ditesh pune, në të cilat ministri do te vendose për kerkesen e parashtruar për cfare në afatin e njejte do ta informoje inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftim dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur sipas kerkeses së parashtruar. Inspektori në afat prej tri ditesh pune e njofton kerkuesin për masa të ndermarra.

(6) Nese drejtori i Institutit nuk vendos edhe në afatin plotesues nga paragrafi (5) i ketij neni, inspektori në afat prej tri ditesh pune do të paraqese kallezim te prokurori kompetent publik dhe ne atë afat e informon parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

(7) Nese inspektori nuk vepron sipas njoftimit nga paragrafi (3) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses në afat prej pese ditesh pune ka të drejte të parashtroje ankese në sekretarine e drejtorit të Inspektoratit Shteteror Administrativ. Nese drejtori nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së Inspektoratit Shteteror Administrativ.

(8) Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ eshte i obliguar që në afat prej tri ditesh pune nga dita e pranimit, ta shqyrtoje ankesen nga paragrafi (7) i ketij neni dhe nese konstaton se inspektori nuk ka vepruar sipas njoftimit të parashtruesit të kerkeses nga paragrafin (1) dhe/ose nuk parashtron kallezim sipas paragrafit (6) të ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtjen e percaktuar në Ligjin për inspeksion administrativ për inspektorin dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese ditesh pune në të cilat inspektori do të kryeje kontroll në organin kompetent nese eshte realizuar procedura në pajtim me nenet 27 paragrafi (1) dhe 28 paragrafi (1) të ketij ligji dhe në afat prej tri ditesh pune nga dita e kontrollit të kryer, ta informoje parashtruesin e kerkeses për masa të ndermarra.

(9) Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi (8) i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të ngrite padi te prokurori kompetent publik kunder inspektorit dhe në afat prej tri ditesh pune do ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e marra.

(10) Në rastin nga paragrafi (9) i ketij neni, Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, menjehere e më së voni në afat prej një dite pune, do të autorizoje inspektor tjeter që ta realizoje kontrollin menjehere.

(11) Në rastet nga paragrafi (10) i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, në afat prej tri ditesh pune e informon parashtruesin e kerkeses për masat e marra.

(12) Nese drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin (7) të ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të parashtroje kallezim te prokurori kompetent publik në afat prej tete ditesh pune.

(13) Nese drejtori i Institutit nuk vendos në afatin nga paragrafi (6) i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të ngrite procedure administrative në gjykaten kompetente.

(14) Procedura në Gjykaten Administrative eshte urgjente."

Neni 4

Akti nenligjor i nenit 28-a paragrafi (2) të ketij ligji do të miratohet ne afat prej 15 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij Ligji.

Pas miratimit të aktit nenligjor nga paragrafi 1 i ketij neni, i njejti shpallet menjehere, e më së voni në afat prej 24 oresh në ueb faqen e Ministrise së Bujqesise, Pylltarise dhe Ekonomise së Ujerave.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1468.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр.07-1994/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/10 и 158/10), во членот 5 стот (5) по зборот "Стратегијата" се додаваат зборовите: "за прифатените иницијативи за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања".

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

"(6) По истек на рокот утврден во членот 10 став (10) од овој закон, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет работни дена до Владата на Република Македонија да достави предлог на годишна програма за детални геолошки истражувања."

Ставовите (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (7), (8), (9) и (10).

Член 2

Во членот 10 став (9) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "а за доставените барања за добивање на мислења се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења."

По ставот (10) се додаваат 13 нови става (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22) и (23), кои гласат:

"(11) Доколку органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член во определениот рок не доставаат мислење, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од три работни дена го известува Државниот управен инспекторат.

(12) Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (11) на овој член да изврши надзор во органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(13) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кој го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член, во рок од десет дена да даде мислење и да го извести инспекторот за истото. Кон известувањето се доставува копија од мислењето.

(14) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна по-

стапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот и единицата на локалната самоуправа ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(15) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(16) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (14) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од пет работни дена го известува директорот на Државниот управен инспекторат.

(17) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа известувањето од ставот (16) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од ставовите (11) и (12) или не поднесе пријава согласно со ставовите (14) и (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(18) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(19) Во случајот од ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(20) Во случаите од ставот (19) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(21) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (17) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(22) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (9) на овој член не одлучи во рокот од ставот (15) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(23) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Ставовите (11), (12) и (13) стануваат ставови (24), (25) и (26).

Ставот (14) кој станува став (27) се менува и гласи:

“(27) Против решението од ставот (26) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 3

Во членот 12 став (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “а за доставените барања за добивање на мислења се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења.“

Ставот (4) се менува и гласи:

“Органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето на мислење. Во спротивно ќе се смета дека е дадено позитивно мислење во врска со барањето за издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања.“

По ставот (4) се додаваат 13 нови става (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16) и (17), кои гласат:

(5) Доколку органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член во рокот од ставот (4) на овој член не достават мислење, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од три работни дена го известува Државниот управен инспекторат.

(6) Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кој го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член, во рок од десет дена да даде мислење и да го извести инспекторот за истото. Кон известувањето се доставува копија од мислењето.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член не одлучи во рокот од ставот (6) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот и единицата на локалната самоуправа ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(9) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (8) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од пет работни дена да го извести директорот на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот, да го разгледа известувањето од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од ставовите (6) и (7) на овој член или не поднесе пријава согласно со ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Ставот (5) кој станува став (18) се менува и гласи:

“(18) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет работни дена, сметано од денот на добивање на мислењата од органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член, на барателот да му издаде дозвола за вршење на детални геолошки истражувања.

Ставот (6) станува став (19).

Ставот (7) кој станува став (20) се менува и гласи:

“(20) Против решението од ставот (19) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

По ставот (20) се додаваат девет нови става (21), (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28) и (29), кои гласат:

“(21) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рокот од ставот (18) на овој член не ја издаде дозволата за вршење на детални геолошки истражувања, инспекторот од Државниот управен инспекторат во рок од десет работни дена ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(22) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, во рок од десет работни дена да ја издаде дозволата за вршење на детални геолошки истражувања и да го извести инспекторот за истото.

(23) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини не одлучи во рокот од ставот (22) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини да ја издаде дозволата за вршење на детални геолошки истражувања за што во истиот рок ќе го извести инспекторот.

(24) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини не ја издаде дозволата за вршење на детални геолошки истражувања и во дополнителниот рок од ставот (23) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител.

(25) Доколку инспекторот не постапи на начинот утврден од ставот (24) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена, сметано од истекот на рокот утврден во членот (22) од овој закон ќе ги разгледа списите од предметот и доколку утврди дека инспекторот не постапил согласно со ставовите (21), (22), (23) и (24) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира директорот на Државниот управен инспекторат за преземените мерки.

(26) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (24) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот.

(27) Во случајот од ставот (25) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(28) Во случаите од ставот (25) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе ја информира Владата на Република Македонија.

(29) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (28) од овој член, Владата на Република Македонија може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од три дена.“

Член 4

Во членот (13-а) ставот 2 се менува и гласи:

“Против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

Член 5

Во членот 29 став (7) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "а за доставените барања за добивање на мислења се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења."

По ставот (8) се додаваат 14 нови става (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21) и (22), кои гласат:

"(9) По истек на рокот утврден во ставот (23) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од пет дена до Владата на Република Македонија да достави предлог за доделување на концесија за експлоатација.

(10) Доколку органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член во рокот од ставот (23) на овој член не достават мислење, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од три работни дена го известува Државниот управен инспекторат.

(11)Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (10) на овој член да изврши надзор во органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(12) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кој го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член, во рок од десет работни дена да даде мислење и да го извести инспекторот за истото. Кон известувањето се доставува копија од мислењето.

(13) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот на државната управа и единицата на локалната самоуправа ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(14) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(15) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (11) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од пет работни дена го известува директорот на Државниот управен инспекторат.

(16) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа известувањето од ставот (15) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од ставовите (10) и (11) на овој член или не поднесе пријава согласно со ставовите (13) и (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(17) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(18) Во случајот од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(19) Во случаите од ставот (18) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(20) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (19) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од три работни дена.

(21) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(22) Постапката пред Управниот суд е итна."

Ставот (9) станува став (23).

Член 6

Во членот 30 ставот (2) се менува и гласи:

"Против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."

Член 7

Во членот 42 по ставот (3) се додаваат 16 нови става (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10),(11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19), кои гласат:

"(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини е должен во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на барањето за издавање на дозвола за експлоатација да ја издаде дозволата за експлоатација.

(5) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од ставот (4) на овој член не ја издаде дозвола за експлоатација, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини да ја издаде дозволата за експлоатација.

(6) Кон барањето од ставот (5) на овој член подносителот на барањето поднесува и копија на барањето од ставот (2) на овој член.

Për kryerjen e mbikeqyrjes së perbashket Inspektorati eshte i obliguar që:

1) t'i harmonizoje programet dhe planet për pune;

2) ta planifikojne kryerjen e perbashket të mbikeqyrjes dhe

3) të shkembejne pervoja dhe t'i harmonizojne qendrimet për menyren dhe metodat e punes dhe ceshtje tjera.

Për kryerje të mbikeqyrjes së perbashket inspektoratet, njesite organizative në kuader të organeve tjera të administrates shteterore dhe njesite e vetadministrimit lokal dhe Qytetit të Shkupit mbajne takime, konsultime, keshillime të perbashketa dhe forma tjera të bashkepunimit të ndersjelle.

Mbikeqyrja e perbashket në pajtim me pargarfet 1 dhe 2 të ketij neni do të realizohet me:

1) Inspektoratin Shteteror të Tregut;

2) Inspektoratin Shteteror për Mjedis Jetesor;

3) Drejtorine për Veterinari- Seksioni për Inspeksion Veterinar Shteteror dhe

4) sipas nevojes edhe me organe dhe institucione tjera shteterore."

Neni 10

Në nenin 33 pargarfi 1 pika 3 shlyhet.

Neni 11

Pas nenit 33 shtohet neni i 33-a, si vijon:

" Neni 33-a

Gjobe në shume prej 1 000 deri në 1 500 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje personit juridik, nese në kundershtim me nenin 20 pargrafi 4 i ketij ligji me shkrim nuk e njofton inspektorin për parregullsite e menjanuara, të urdheruara me aktvendim.

Gjobe në shume prej 500 deri në 800 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit pergjegjes te personi juridik për kundervajtje nga paragrafi 1 i ketij neni."

Neni 12

Në nenin 34 pargarfi 1 shuma "500" zevendesohet me shumen "1 000".

Neni 13

Pas nenit 34 shtohet neni i 34-a, si vijon:

"Neni 34-a

Gjobe në shume prej 500 deri në 800 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit fizik për kundervajtje nga neni 33-a i ketij ligji."

Neni 14

Dispozitat e neneve 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 dhe 10 të ketij ligji do të fillojne të zbatohen me fillimin zbatimit të Ligjit për mbikeqyrje inspektuese".

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1481.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МРЕЖА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-2009/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МРЕЖА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Член 1

Во Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ("Службен весник на Република Македонија" број 110/2007), членот 2 се менува и гласи:

"Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Сметководствени податоци** се одредени технички, финансиски или економски податоци од земјоделско стопанство, добиени од сметководствената евиденција на земјоделското стопанство, водена редовно и систематски во текот на сметководствената година;

2. **Земјоделско стопанство** е економска единица под единствено управување (од едно или повеќе лица без оглед на сопственоста, правната форма, големина или локација) на чиј земјоделски имот (кој го поседува и/или располага) се врши земјоделска дејност, за кое се води евиденција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон или семејно земјоделско стопанство;

3. **Семејно земјоделско стопанство** е самостојна стопанска и социјална единица која се заснова на комбинација од управување и сопственост и/или користење на земјоделски имот од членовите на семејството;

4. **Сметководствено стопанство** е земјоделско стопанство кое ги исполнува условите утврдени во членот 10 став 3 на овој закон и од кое се прибираат сметководствени податоци за потребите на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства;

5. **Носител на семејно земјоделско стопанство** е полнолетно лице кое е одговорно за управување со земјоделското стопанство и кое истапува во име и за сметка на семејното земјоделско стопанство и како такво е запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Носител на земјоделско стопанство кое е правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон е самото правно лице, а одговорното лице на правното лице истапува во име и за сметка на тоа земјоделско стопанство;

6. **Регион во однос на изборот на сметководствени стопанства** е целата територија на Република Македонија според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) во Република Македонија (НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2);

7. **Сметководствена година** значи календарска година или друг период од 12 последователни месеци;

8. **Полето на истражување** ги опфаќа сите земјоделски стопанства со одредена економска големина, без оглед на тоа дали носителот на земјоделското стопанство е ангажиран во активности надвор од земјоделското стопанство и

9. **Стандард аутпут** претставува стандардна вредност на бруто производството."

Член 2

Во членот 4 став 1 алинејата 3 се менува и гласи:

"- одделението за сметководствени податоци за земјоделски стопанства во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како Канцеларија за врски (во натамошниот текст: Канцеларија за врски).

Член 3

Во членот 6 став 3 алинеја 3 и став 4 алинеја 3 зборот „Одделение" се заменува со зборовите: „Канцеларија за врски".

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

"Канцеларија за врски

За потребите на овој закон, Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на Министерството, како Канцеларијата за врски, ги врши следниве задачи:

- утврдува регион за потребите на мрежата и пресметката на стандард аутпут коефициентите од ставот 2 алинеја 2 на овој член,

- подготвува стандард аутпут коефициенти и ги доставува до Заводот од членот 8 на овој закон за потребите за воспоставување типологија на земјоделски стопанства согласно со членот 8 став 1 на овој закон,

- го одобрува доставениот табеларен приказ на план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства подготвен од Заводот од членот 8 на овој закон со цел за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства,

- го подготвува планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства согласно со членот 15 став 4 на овој закон и го доставува до Комитетот од членот 6 на овој закон на мислење,

- го подготвува извештајот за реализација на планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства и го доставува до Комитетот од членот 6 на овој закон на мислење,

- го одобрува доставениот список на репрезентативни земјоделски стопанства од Агенцијата од членот 9 на овој закон,

- го информира Комитетот од членот 6 на овој закон за напредокот на работата поврзана со прибирање и користење на сметководствени податоци од земјоделски стопанства за потребите на мрежата,

- секоја година на мислење до Комитетот поднесува договор склучен со Агенцијата, согласно со членот 12 став 2 на овој закон,

- ги верификува сметководствените податоци претставени во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства од членот 11 став 1 на овој закон, доставени од Агенцијата од членот 9 на овој закон и

- ги подготвува и објавува обработените збирни сметководствени податоци во свои публикации.

На барање на Канцеларијата за врски, Комитетот, Агенцијата и Заводот од членот 4 на овој закон се должни да ги достават сите информации и податоци до Канцеларијата за врски, во врска со задачите од членовите 6, 8 и 9 на овој закон.

На барање на Европската комисија, доставувањето на стандард аутпутите, како и сите податоци и информации од мрежата го врши Канцеларијата за врски.

Методологијата за пресметка на стандард аутпут коефициентите од ставот 1 алинеја 2 на овој член, како и начинот за прибирање на податоците и информациите од мрежата ги пропишува министерот."

Член 5

Членот 8 се менува и гласи:

"За потребите на мрежата, а врз основа на доставените Стандард Аутпут коефициенти од членот 7 на овој закон и податоците од структурните истражувања на земјоделските стопанства, Канцеларијата за врски и Заводот се надлежни за воспоставување на типологија на земјоделските стопанства.

Типологијата од ставот 1 на овој член е единствена класификација на земјоделските стопанства според нивниот тип на земјоделско производство и економска големина, како и значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство.

Заводот по барање од Канцеларијата за врски, подготвува табеларен приказ на план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за прибирање на сметководствени податоци за потребите на мрежата и го доставува до Канцеларијата за врски.

Министерот ја пропишува методологијата за утврдување на типологија на земјоделски стопанства од ставот 1 на овој член, класификацијата на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделските стопанства."

Член 6

Во членот 9 став 2 алинеја 3 зборот “земјоделски” се заменува со зборот “сметководствените”.

Во алинејата 4 зборот “Одделението” се заменува со зборовите: “Канцеларијата за врски”.

Член 7

Членот 10 се менува и гласи:

“Полето на истражување на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ги опфаќа земјоделските стопанства кои имаат економска големина која е еднаква, или поголема од утврден праг.

Прагот од ставот 1 на овој член одговара со еден од најниските лимити на класите на економска големина на земјоделски стопанства утврдени според типологијата на земјоделските стопанства од членот 8 став 1 на овој закон и се изразува во евра.

Земјоделско стопанство се определува како сметководствено стопанство, доколку ги исполнува следниве услови:

- да е пазарно ориентирано и да има минимална економска големина утврдена согласно со ставот 1 на овој член,

- да претставува репрезентативен примерок на ниво на регионот во рамките на полето на истражување и

- носителот на земјоделското стопанство да води сметководствена евиденција или да е подготвен да започне да води сметководствена евиденција и да е согласен на сметководствените податоци од земјоделското стопанство да ги направи достапни за потребите на мрежата.

Министерот го утврдува максималниот број на сметководствени стопанства, како и минималната економска големина на сметководствените стопанства од ставот 2 на овој член.“

Член 8

Насловот на Главата III се менува и гласи: “III. ПРИБИРАЊЕ, ПРЕСМЕТКА И КОРИСТЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА“.

Член 9

Членот 11 се менува и гласи:

“Сметководствените податоци обезбедени преку мрежата неопходни за годишно определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на нивното деловно работење, се претставуваат во Единствен образец за утврдување на доходот и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства кој ги вклучува најмалку следниве податоци:

- општи информации за земјоделското стопанство, особено број на земјоделското стопанство доделен за целта на прибирање на сметководствени податоци, опис на локација на земјоделско стопанство, тип на земјоделско производство и класа на економска големина,

- површина на земјоделското земјиште на земјоделското стопанство во согласност сопственичката структура,

- расположливи човечки ресурси (сопствена и ангажирана работна сила),

- број и вредност на добитокот на почетокот и на крајот на сметководствената година, по видови и категории на добиток,

- набавка и продажба на добиток во сметководствената година, по видови на добиток;

- трошоци во врска со земјоделското производство,

- основни и обртни средства со кои располага земјоделското стопанство во сметководствената година,

- долгови,

- данок на додадена вредност (ДДВ),

- грантови, субвенции и директни исплати,

- обем на производство на производи од растително и животинско потекло во сметководствената година и

- дополнителни сметководствени податоци потребни за остварување на целите од членот 3 на овој закон.

Сметководствените податоци од ставот 1 на овој член се обезбедуваат за секое сметководствено стопанство кое е дел од мрежата согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Сметководствените податоци од ставот 1 на овој член се претставуваат во форма и содржина која овозможува:

- класификација на земјоделското стопанство по тип на земјоделско производство и економска големина на земјоделското стопанство,

- процена на доход на земјоделското стопанство во сите форми и

- проверка на веродостојноста на дадените податоци по пат на контрола на местото на производство.

Формата и содржината на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот.”

Член 10

Во членот 12 ставови 1 и 2 зборот “Одделението” се заменува со зборовите: “Канцеларијата за врски”.

Ставот 3 се менува и гласи:

“Договорот од ставот 2 на овој член особено содржи:

- обемот и формата на сметководствените податоци од членот 11 став 1 на овој закон кои треба да се соберат,

- бројот на земјоделски стопанства кои ќе обезбедат пристап до нивните сметководствени податоци,

- крајни рокови и начинот на испорака на сметководствени податоци од сметководствената година,

- условите на плаќање на Агенцијата,

- формата на заштита на сметководствените податоци,

- формата на заштита на личните податоци на носителите на земјоделските стопанства, согласно со прописите за заштита на личните податоци и

- казнени одредби за неисполнување на договорот.“

Член 11

Во членот 13 став 2 алинејата 1 се менува и гласи:

„- сметководствени податоци кои се предмет на прибирање во согласност со содржината од членот 11 на овој закон и крајните рокови на испорака на податоците,“.

Член 12

Членот 15 се менува и гласи:

“Врз основа на одобрениот план за избор од членот 6 став 2 алинеја 1, Агенцијата од членот 9 на овој закон, на барање на Канцеларијата за врски ќе подготви список на репрезентативни земјоделски стопанства, со цел за прибирање на сметководствени податоци и истиот ќе го достави до Канцеларијата за врски.

Списокот содржи:

- број на земјоделско стопанство, име, презиме и адреса на носителот на земјоделско стопанство и

- тип на земјоделско производство и класа на економска големина на земјоделското стопанство.

Планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства мора да обезбеди целосна репрезентативност на земјоделските стопанства од кои се прибираат сметководствени податоци за потребите на мрежата.

Планот од ставот 3 на овој член, особено содржи:

1) податоци и процедури на кои е заснован планот:

а) податоци за статистичките извори;

б) процедури за стратификација на полето на истражување во согласност со утврдениот регион од членот 7 став 2 алинеја 1 на овој закон и типовите на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделски стопанства утврдени согласно со типологијата на земјоделските стопанства од членот 8 став 1 на овој закон;

в) процедури за определување на процентот на избор, избран за секој стратум и

г) процедури за избор на сметководствени стопанства;

2) преглед на земјоделските стопанства во полето на истражување по типови на земјоделско производство и класи на економска големина дефинирани во типологијата на земјоделски стопанства, кој кореспондира најмалку со основните типови земјоделски стопанства;

3) број на сметководствени стопанства кои треба да се селектираат за секој стратум;

4) потреба за подготовка на нов план и

5) рокови за подготовка на планот.”

Член 13

Во членот 16 став 2 алинеја 2 зборот “Одделението” се заменува со зборовите: “Канцеларијата за врски”.

Во алинејата 3 зборовите: “членот 8” се заменуваат со зборовите: “член 9”.

Член 14

Поблиските прописи утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 од овој закон ќе се применуваат до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR VENDOSJEN E RRJETIT PËR GRUMBULLIMIN E TË DHENAVE TË KONTABILITETIT NGA EKONOMITE BUJQESORE

Neni 1

Në Ligjin për vendosjen e rrjetit për grumbullimin e të dhenave të kontabilitetit nga ekonomite bujqesore ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise", numer 110/2007), neni 2 ndryshohet si vijon:

Nocionet e perdorura në kete ligj e kane kuptimin si vijon:

1. **Të dhena të kontabilitetit** jane të dhenat e caktuara teknike, financiare ose ekonomike nga ekonomia bujqesore, të fituara nga evidenca e kontabilitetit të ekonomise bujqesore, të mbajtur rregullisht dhe sistematikisht gjate vitit të kontabilitetit;

2. **Ekonomi bujqesore** eshte njesia ekonomike në menaxhim unik (nga një ose më teper persona pa marre parasysh pronesine, formen juridike, madhesine ose lokacionin), në pronen bujqesore të të cilit (që e posedon dhe/ose disponon) kryhet veprimtari bujqesore, për të cilen mbahet evidence në Ministrine e Bujqesise, Pylltarise dhe Ekonomise së Ujerave. Ekonomia bujqesore perfshin një ose më teper njesi prodhuese. Ekonomia bujqesore mund të jete e organizuar juridikisht si shoqeri tregtare ose person tjeter juridik, i percaktuar me ligj ose ekonomi bujqesore familjare;

3. **Ekonomi bujqesore familjare** eshte njesia e pavarur ekonomike dhe sociale që bazohet në kombinimin e menaxhimit dhe pronesise dhe/ose shfrytezimit të prones bujqesore nga anetaret e familjes.

4. **Ekonomi e kontabilitetit** eshte ekonomia bujqesore që i permbush kushtet e percaktuara në nenin 10 paragrafi 3 të ketij ligji dhe nga e cila grumbullohen të dhena të kontabilitetit për nevojat e rrjetit për grumbullimin e të dhenave të kontabilitetit nga ekonomite bujqesore.

5. **Bartes i ekonomise bujqesore familjare** eshte personi i moshes madhore i cili eshte pergjegjes për menaxhimin me ekonomine bujqesore dhe i cili paraqitet në emer dhe për llogari të ekonomise bujqesore familjare dhe si i tille eshte i regjistruar në Regjistrin unik të ekonomive bujqesore në Ministrine e Bujqesise, Pylltarise dhe Ekonomise së Ujerave. Bartesi i ekonomise bujqesore e cila eshte e organizuar juridikisht si shoqeri tregtare ose person tjeter juridik i percaktuar me ligj eshte vete personi juridik, ndersa personi pergjegjes i personit juridik paraqitet në emer dhe për llogari të asaj ekonomie bujqesore.

6. **Rajon lidhur me zgjedhjen e ekonomive të kontabilitetit** eshte i gjithe territori i Republikes së Maqedonise sipas Nomenklatures së njesive territoriale të statistikes (NNJTS) në Republiken e Maqedonise (NNJTS niveli 1 dhe NNJTS niveli 2).

7. **Vit i kontabilitetit** eshte viti kalendarik ose periudha tjeter prej 12 muajve të njepasnjeshem.

8. **Fusha e hulumtimit** i perfshin të gjitha ekonomite bujqesore me madhesi ekonomike të caktuar, pa marre parasysh nese bartesi i ekonomise bujqesore eshte i angazhuar në aktivitete jashte ekonomise bujqesore dhe

9. **Autput standard** paraqet vlere standarde të prodhimit bruto."

Neni 2

Në nenin 4 paragrafi 1 alineja 3 ndryshohet si vijon:

"- seksioni për të dhena të kontabilitetit për ekonomite bujqesore në kuader të Ministrise së Bujqesise, Pylltarise dhe Ekonomise së Ujerave, si Zyre për lidhje (në tekstin e metejme: Zyra për lidhje)".

Neni 3

Në nenin 6 paragrafi 3 alineja 3 dhe paragrafi 4 alineja 3 fjala "Seksioni" zevendesohet me fjalet: "Zyra për lidhje".

Neni 4

Neni 7 ndryshohet si vijon:

Zyra për lidhje

Për nevojat e ketij ligji, Seksioni për të dhena të kontabilitetit nga ekonomite bujqesore në kuader të Ministrise, si Zyre për lidhje, i kryen detyrat si vijojne:

- percakton rajon për nevojat e rrjetit dhe llogaritjen e koeficienteve autput standard nga paragrafi 2 alineja 2 e ketij neni,
- perpilon koeficiente autput standard dhe i dorezon në Entin nga neni 8 i ketij ligji për nevojat për vendosjen e tipologjise së ekonomive bujqesore në pajtim me nenin 8 paragrafi 1 të ketij ligji,
- e miraton pasqyren e dorezuar tabelore të planit për zgjedhjen e ekonomive bujqesore reprezentative, të perpiluar nga Enti nga neni 8 i ketij ligji, me qellim që të grumbullohen të dhena të kontabilitetit nga ekonomite bujqesore,
- e perpilon planin për zgjedhjen e ekonomive bujqesore reprezentative në pajtim me nenin 15 paragrafi 4 të ketij ligji dhe e dorezon në Komitetin nga neni 6 i ketij ligji, për mendim,
- e perpilon raportin për realizimin e planit për zgjedhje të ekonomive bujqesore reprezentative dhe e dorezon në Komitetin nga neni 6 i ketij ligji, për mendim,

- e miraton listen e dorezuar të ekonomive bujqesore reprezentative nga Agjencia nga neni 9 i ketij ligji,

- e informon Komitetin nga neni 6 i ketij ligji për perparimin e punes lidhur me grumbullimin dhe shfrytezimin e të dhenave të kontabilitetit nga ekonomite bujqesore për nevojat e rrjetit,

- çdo vit për mendim në Komitet paraqet marreveshje të lidhur me Agjencine, në pajtim me nenin 12 paragrafi 2 të ketij ligji,

- i verifikon të dhenat e kontabilitetit të paraqitura në Formularin unik për percaktimin e të ardhurave të ekonomive bujqesore dhe analizes së punes afariste të ekonomive bujqesore nga neni 11 paragrafi 1 i ketij ligji, të dorezuara nga Agjencia nga neni 9 i ketij ligji dhe

- i perpilon dhe publikon të dhenat e të perpunuara permbledhese të kontabilitetit, në publikimet e veta.

Me kerkese të Zyres për lidhje, Komiteti, Agjencia dhe Enti nga neni 4 i ketij ligji, detyrohen që t'i dorezojne të gjitha informatat dhe të dhenat në Zyren për lidhje, lidhur me detyrat nga nenet 6, 8 dhe 9 të ketij ligji.

Me kerkese të Komisionit Evropian, dorezimin e autputeve standard, si dhe të të gjitha të dhenave dhe informatave nga rrjeti, e kryen Zyra për lidhje.

Metodologjine për llogaritjen e koeficineteve autput standard nga paragrafi 1 alineja 2 e ketij neni, si dhe menyren e grumbullimit të të dhenave dhe informatave nga rrjeti, i percakton ministri."

Neni 5

Neni 8 ndryshohet si vijon:

"Për nevojat e rrjetit, e në baze të koeficienteve autput standard të dorezuar nga neni 7 i ketij ligji dhe të dhenave nga hulumtimet strukturore të ekonomive bujqesore, Zyra për lidhje dhe Enti jane kompetente për vendosjen e tipologjise së ekonomive bujqesore.

Tipologjia nga paragrafi 1 i ketij neni eshte klasifikim unik i ekonomive bujqesore sipas tipit të tyre të prodhimtarise bujqesore dhe madhesise ekonomike, si dhe rendesise së aktiviteteve tjera fitimprurese që jane drejtperdrejt të lidhura me ekonomine bujqesore.

Enti me kerkese të Zyres për lidhje, perpilon pasqyre tabelore të planit për zgjedhje të ekonomive bujqesore reprezentative për grumbullimin e të dhenave të kontabilitetit për nevojat e rrjetit dhe e dorezon në Zyren për lidhje.

Ministri e percakton metodologjine për percaktimin e tipologjise së ekonomive bujqesore nga paragrafi 1 i ketij neni, klasifikimin e ekonomive bujqesore sipas tipit të prodhimtarise bujqesore dhe klasat e madhesise ekonomike të ekonomive bujqesore."

Neni 6

Në nenin 9 paragrafi 2 alineja 3 fjala "bujqesore" zevendesohet me fjalet: "të kontabilitetit".

Në alinene 4 fjala "Seksionin" ndryshohet me fjalet: "Zyren për lidhje".

Neni 7

Neni 10 ndryshohet si vijon:

"Fusha e hulumtimit të rrjetit për grumbullimin e të dhenave të kontabilitetit nga ekonomite bujqesore i perfshin ekonomite bujqesore që kane madhesi ekonomike të barabarte ose më të madhe se pragu i percaktuar.

Pragu nga paragrafi 1 i ketij neni, i pergjigjet njerit prej limiteve më të uleta të klasave të madhesise ekonomike të ekonomive bujqesore, të percaktuara sipas tipologjise së ekonomive familjare nga neni 8 paragrafi 1 i ketij ligji dhe shprehet në euro.

Ekonomia bujqesore percaktohet si ekonomi e kontabilitetit, nese i permbush kushtet si vijojne:

- të jete e orientuar sipas tregut dhe të kete madhesi ekonomike minimale, të percaktuar në pajtim me paragrafin 1 të ketij neni,

- të paraqet shembull reprezentativ në nivel të rajonit në kuader të fushes së hulumtimit dhe

- bartesi i ekonomise bujqesore të mbaje evidence të kontabilitetit ose të jete i pergatitur që të filloje të mbaje evidence të kontabilitetit dhe të pajtohet që të dhenat e kontabilitetit nga ekonomia bujqesore, t'i beje të arritshme për nevojat e rrjetit.

Ministri e percakton numrin maksimal të ekonomive të kontabilitetit, si dhe madhesine ekonomike minimale të ekonomive të kontabilitetit nga paragrafi 2 i ketij neni."

Neni 8

Titulli i kapitullit III ndryshohet si vijon: "III. GRUMBULLIMI, LLOGARITJA DHE SHFRYTEZIMI I TË DHENAVE TË KONTABILITETIT NGA EKONOMITE BUJQESORE.

Neni 9

Neni 11 ndryshohet si vijon:

"Të dhenat e kontabilitetit të siguruara nepermjet rrjetit, të domosdoshme për percaktimin vjetor e të ardhurave të ekonomive bujqesore dhe analizes së punes afariste të tyre, paraqiten në Formular unik për percaktimin e të ardhurave dhe analizes së punes afariste të ekonomive bujqesore që i perfshin së paku të dhenat si vijojne:

- informata të pergjithshme për ekonomine bujqesore, sidomos numrin e ekonomise bujqesore të ndare për qellimin e grumbullimit të të dhenave të kontabilitetit, pershkrimin e lokacionit të ekonomise bujqesore, tipin e prodhimtarise bujqesore dhe klasen e madhesise ekonomike,

- siperfaqen e tokes bujqesore të ekonomise bujqesore në pajtim me strukturen pronesore,

- resurset njerezore në dispozicion (fuqine punetore personale dhe të angazhuar),

- numrin dhe vleren e bagetise në fillim dhe në fund të vitit të kontabilitetit, sipas llojeve dhe kategorive të bagetise;

- blerjen dhe shitjen e bagetise në vitin e kontabilitetit, sipas llojit të bagetise;

- shpenzimet lidhur me prodhimtarine bujqesore,

- mjetet baze dhe qarkulluese me të cilat disponon ekonomia bujqesore në vitin e kontabilitetit,

- borxhet,

- tatimin mbi vleren e shtuar (TVSH),

- grantet, subvencionet dhe pagesat e drejtperdrejta,

- vellimin e prodhimtarise së prodhimeve me origjine bimore dhe shtazore në vitin e kontabilitetit dhe

- të dhena plotesuese të kontabilitetit, të nevojshme për realizimin e qellimeve nga neni 3 i ketij ligji.

Të dhenat e kontabilitetit nga paragrafi 1 i ketij neni, sigurohen për çdo ekonomi të kontabilitetit që eshte pjese e rrjetit në pajtim me Ligjin për mbrojtjen e të dhenave personale.

Të dhenat e kontabilitetit nga paragrafi 1 i ketij neni paraqiten në forme dhe permbajtje që mundeson:

- klasifikimin e ekonomise bujqesore sipas tipit të prodhimtarise bujqesore dhe madhesise ekonomike të ekonomise bujqesore,

- vleresimin e të ardhurave të ekonomise bujqesore në të gjitha format dhe

- kontrollin e autenticitetit të të dhenave të dhena nepermjet kontrollit në vendin e prodhimit.

Formen dhe permbajtjen e Formularit unik për percaktimin e të ardhurave të ekonomive bujqesore dhe analizes së punes afariste të ekonomive bujqesore nga paragrafi 1 i ketij neni, i percakton ministri."

Neni 10

Në nenin 12 paragrafet 1 dhe 2 fjala "Seksioni" zevendesohet me fjalet: "Zyra për lidhje".

Paragrafi 3 ndryshohet si vijon:

"Marreveshja nga paragrafi 2 i ketij neni permban vecanerisht:

- vellimin dhe formen e të dhenave të kontabilitetit nga neni 11 paragrafi 1 i ketij ligji që duhet të grumbullohen,
- numrin e ekonomive bujqesore që do të sigurojne qasje në të dhenat e tyre të kontabilitetit,
- afatet perfundimtare dhe menyren e dergimit të të dhenave të kontabilitetit nga viti i kontabilitetit,
- kushtet e pageses të Agjencise,
- formen e mbrojtjes së të dhenave të kontabilitetit,
- formen e mbrojtjes së të dhenave personale të bartesve të ekonomive bujqesore, në pajtim me rregullat për mbrojtjen e të dhenave personale dhe
- dispozitat ndeshkuese për mospermbushjen e marreveshjes."

Neni 11

Neni 13 paragrafi 2 alineja 1 ndryshohet si vijon:

"- të dhenat e kontabilitetit që jane lende e grumbullimit në pajtim me permbajtjen nga neni 11 i ketij ligji dhe afatet perfundimtare të dergimit të të dhenave,".

Neni 12

Neni 15 ndryshohet si vijon:

"Në baze të planit të miratuar për zgjedhje nga neni 6 paragrafi 2 alineja 1, Agjencia nga neni 9 i ketij ligji, me kerkese të Zyres për lidhje, do të perpiloje liste të ekonomive bujqesore reprezentative, me qellim të mbledhjes së të dhenave të kontabilitetit dhe atë do ta dorezoje në Zyren për lidhje.

Lista permban:

- numrin e ekonomise bujqesore, emrin, mbiemrin dhe adresen e bartesit të ekonomise bujqesore dhe
- tipin e prodhimtarise bujqesore dhe klasen e madhesise ekonomike të ekonomise bujqesore.

Plani për zgjedhjen e ekonomive bujqesore reprezentative doemos duhet të siguroje reprezentim të plote të ekonomive bujqesore nga të cilat grumbullohen të dhenat e kontabilitetit për nevojat e rrjetit.

Plani nga paragrafi 3 i ketij neni, permban vecanerisht:

1) të dhena dhe procedura në të cilat bazohet plani:

a) të dhena për burimet statistikore;

b) procedura për stratifikimin e fushes së hulumtimit në pajtim me rajonin e percaktuar nga neni 7 paragrafi 2 alineja 1 e ketij ligji dhe tipat e prodhimtarise bujqesore dhe klasat e madhesise ekonomike të ekonomive bujqesore të percaktuara në pajtim me tipologjine e ekonomive bujqesore nga neni 8 paragrafi 1 i ketij ligji;

v) procedura për percaktimin e perqindjes së zgjedhjes, të zgjedhur për çdo stratum dhe

g) procedura për zgjedhjen e ekonomive të kontabilitetit.

2) pasqyre të ekonomive bujqesore në fushen e hulumtimit sipas tipave të prodhimtarise bujqesore dhe klasave të madhesise ekonomike të perkufizuara në tipologjine e ekonomive bujqesore, që korrespondon së paku me tipat themelore të ekonomive bujqesore;

3) numrin e ekonomive të kontabilitetit që duhet të seleksionohen për çdo stratum;

4) nevojen për perpilimin e planit të ri dhe

5) afatet për perpilimin e planit."

Neni 13

Në nenin 16 paragrafi 2 alineja 2 fjala "Seksionin" zevendesohet me fjalet: "Zyren për lidhje".

Në alinene 3 fjalet: "neni 8" zevendesohet me fjalet: "neni 9".

Neni 14

Rregullat më të peraferta të percaktuara në kete ligj do të miratohen në afat prej nente muajsh nga dita e hyrjes në fuqi e ketij ligji.

Neni 15

Dispozitat e neneve 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 dhe 13 të ketij ligji, do të zbatohen deri në aderimin e Republikes së Maqedonise në Bashkimin Evropian.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**1482.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-2010/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

Член 1

Во Законот за органско земјоделско производство (“Службен весник на Република Македонија“ број 146/2009), по членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

“Член 2-а

Во постапката за инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за Државен инспекторат за земјоделство, доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Член 2

Во членот 3 точката 13 се менува и гласи:

“13. „Етикетирање“ е збор, трговски знак, заштитен знак, илустриран опис или симбол кој се поврзува или поставува на секое пакување, документ, известување, етикета, плочка, приклучно прстенче или ременче кои го придружуваат или се однесуваат на производот;“.

Точката 19 се менува и гласи:

“19. „Национална ознака за органски производ“ е ознака со која се означуваат органските производи;“.

По точката 19 се додаваат две нови точки 19-а и 19-б, кои гласат:

„19-а. „Национална ознака за органски производ во преод“ е ознака со која се означуваат органските производи во преоден период;

19-б. „Код“ е референтен број кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го доделува на овластените контролни/сертификациски тела;“.

Член 3

Во членот 9 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член се реализира преку договор или изјава.“

Член 4

Во членот 16 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) За да може семенскиот и саден материјал да се употреби во органското растително производство е потребно субјектот кој произведува семенски и саден материјал да биде запишан во Регистарот на снабдувачи на семенски и саден материјал кој го води Управата за семе и саден материјал и да поседува сертификат од страна на контролното/сертификациското тело.”

Ставот (2) станува став (3).

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

“(4) Министерството врз основа на годишните извештаи од контролните/сертификациските тела на интернет страницата на Министерството објавува годишна листа на репродуктивен растителен материјал од органското растително производство.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 5

Во членот 18 став (1) алинејата 3 и ставот (2) се бришат.

Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:

„(2) Постапките за собирање, пакување, превоз и складирање на органски производи поблиску ги пропишува министерот.“

Член 6

Во членот 22 ставот (3) се менува и гласи:

„Клонирање и ембрио-трансфер не се употребуваат како форми на вештачко размножување .“

Член 7

Во членот 23 став (13) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „за време од најмалку три месеци за говеда, 45 дена за овци и кози и 40 дена за прасиња“.

Во ставот (15) алинеја 1 процентот “60%“ се заменува со процентот “100%“.

Член 8

Во членот 24 ставот (5) се брише.

Ставовите (6), (7), (8), (9) стануваат ставови (5), (6), (7) и (8).

Член 9

Во членот 25 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Се забранува сточарско производство доколку субјектот не управува со земјоделска површина и/или нема склучено договор за соработка со други субјекти кои се придржуваат кон правилата за органско производство, со цел да се обезбеди добиточна храна или да се проследи вишокот на ѓубре.“

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Добитокот треба да има постојан пристап до отворени површини, по можност пасишта, кога тоа го дозволуваат временските услови и состојбата на почвата, а бројот на животни треба да биде ограничен заради минимизирање на прекумерното пасење, раскалување на почвата, ерозија или загадување предизвикано од животните или од расфрлање на нивното ѓубре.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 10

Во членот 31 по ставот (11) се додава нов став (12), кој гласи:

„(12) Правилата за одгледување на водни животни ги пропишува министерот.“

Член 11

Во членот 32 по ставот (6) се додава нов став (7) ,кој гласи:

„(7) Начинот на исхрана на животните од ставот (1) на овој член се пропишани со прописот од членот 31 став (12) на овој закон.“

Член 12

Во членот 33 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Начинот на спречување од појава на болести и ветеринарен третман кај водните животни се пропишани со прописот од членот 31 став (12) на овој закон.“

Член 13

Во членот 34 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Средствата за чистење и дезинфекција кои дополнително се употребуваат при одгледувањето на водни животни се пропишани со прописот од членот 31 став (12) на овој закон.“

Член 14

Во членот 36 став (3) зборовите: „за одредено земјиште е издадена потврда согласно со членот 18 став (1) од овој закон, како и во други случаи во кои“ се бришат.

Член 15

Во членот 39 став (2) точката а) се менува и гласи:

„органски преработена храна содржи најмалку 95% состојки од земјоделско потекло кои се органски, при што во процесот на анализа додадената вода и готварска сол не се земаат предвид;“.

Точката б) се менува и гласи:

„во органската преработена храна дозволена е употребата на додатоци, помошни средства при преработката, додатоци за вкус и мирис, вода, сол, подготовки од микроорганизми и ензими, минерали, елементи во трагови, витамини, како и аминокиселини и други микрохранливи состојки во прехранбените производи за одредени хранливи вредности наведени во Листата на производи и супстанции кои се користат во процесот на производство на органски преработена храна.“

Член 16

Во членот 41 алинејата 7 се менува и гласи:

„- кога употребата на додатоци во храната и на други материи која е утврдена во членот 39 став (2) точка б) од овој закон и кои се наоѓаат на Листата на производи и супстанции кои се користат во процесот на производство на органски преработена храна и Листата на додатоци во добиточната храна и други материи кои се користат во исхраната на животните е неопходна, а тие материи се недостапни на пазарот, се користат состојки кои се наоѓаат на Листата на состојки кои не биле произведени според принципите на органското земјоделство.“

Член 17

Насловот на Главата VI се менува и гласи: „ЕТИКЕТИРАЊЕ И ПРОМЕТ“.

Член 18

Во членот 42 став (1) зборот „ознаката“ се заменува со зборот „етикетирање”.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Употребата на слични термини, независно дали се работи за суровина или готов производ во процесот на производство на храна или добиточна храна од домашно потекло и производство, термините "еко", "био" и "еколошки" и сите префикси, суфикси, кратенки или нивни комбинации и сите термини изведени од терминот органско кои можат да го доведат во заблуда потрошувачот по прашање на видот на производството е забранета.“

Член 19

Во насловот на членот 43 зборот „Означување“ се заменува со зборот „Етикетирање”.

Во членот 43 став (1) воведната реченица се менува и гласи: „Со етикетирање согласно со членот 42 став (1) од овој закон се означува:“.

Во ставот (2) зборовите: „Ознаката од членот 42 став (1) на овој закон“ се заменуваат со зборот „Етикетирање“.

Во ставот (3) зборот „означување“ се заменува со зборот „етикетирање”.

Член 20

Во насловот на членот 44 по зборовите: „во преод“ се додаваат зборовите: “и специфичности за етикетирање“.

Член 21

Во членот 44 ставот (1) се менува и гласи:

„Националната ознака за органски производ и националната ознака за производ во преод, задолжително се наоѓа на етикетата на секој од производите кои се произведени во согласност со одредбите на овој закон. На етикетата задолжително се наоѓа и број на кодот на контролното/сертификациско тело од членот 50 став (4) на овој закон и земја на потекло со список на состојки (декларација).”

Член 22

По членот 45 се додава нов член 45-а, кој гласи:

„Промет

Член 45-а

(1) Органските производи кои се пуштаат во промет мора да бидат во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Органските производи можат да се пуштат во промет само доколку за истите е издаден сертификат согласно со членот 48 став (2) или 51-а став (2) од овој закон.

(3) Органските производи кои се пуштаат во промет треба да бидат означени согласно со членот 44 од овој закон.“

Член 23

Во членот 46 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Стручна контрола се врши на секој субјект кој произведува, подготвува, складира, увезува, ракува или пушта во промет органски производи или органски производи во преод. На стручна контрола не подлежат објектите кои продаваат производи директно на крајните потрошувачи или корисници кои немаат централен склад и не вршат сопствена дистрибуција на органските производи или производите во преод, доколку тие не произведуваат и не подготвуваат органски производи.

(4) Стручната контрола се врши врз основа на процена на ризикот од појавување на неправилности во однос на барањата од овој закон. Субјектите од ставот (3) на овој член се предмет на стручната контрола најмалку еднаш годишно.“

Ставот (3) станува став (5).

Член 24

По членот 47 се додава нов член 47-а, кој гласи:

„Мерки во случај на неправилности

Член 47-а

(1) Кога ќе се откријат одредени неправилности, контролното/сертификациско тело му определува корективни мерки на субјектот во поглед на продавањето и рекламирањето производи со ознаки и етикета согласно со членот 44 од овој закон кои треба да ги преземе во определен рок во зависност од видот на неправилноста.

(2) Информации за утврдените неправилности кои влијаат врз органскиот статус на производот веднаш се разменуваат меѓу контролните/сертификациски тела, Министерството и Државниот инспекторат за земјоделство. Нивото на известување зависи од сериозноста и обемот на откриените неправилности.“

Член 25

Во членот 48 ставот (2) се менува и гласи:

„Контролното/сертификациско тело кое врши стручна контрола води и чува евиденција за субјектите и врз основа на податоците од евиденцијата и контролата, издава сертификати дека производот, процесот на производство, подготовката или пуштањето во промет на истиот е во согласност со правилата и постапките утврдени со овој закон.“

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Формата, содржината и образецот на сертификатите од ставот (2) на овој член, како и на евиденцијата која ја водат субјектите ги пропишува министерот.

(4) На барање на субјектот, контролното/сертификациско тело издава сертификат за извоз на органски земјоделски производи.“

Ставот (3) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) Субјектите и контролното/сертификациско тело се должни да водат и ја чуваат евиденцијата за производството, подготовката, пуштањето во промет, увозот и извозот на органски производи, како и за извршените контроли.“

Член 26

Во членот 50 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Со решението од ставот (1) на овој член овластените контролните/сертификациски тела добиваат код од страна на Министерството кој содржи акроним за земјата согласно со меѓународниот стандард за кодовите на земјите ISO 3166 од две букви (МК), термин кој претставува упатување на органскиот начин на производство (ОРГ) и референтен број одреден од Министерството.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Против решението од ставовите (5) и (6) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Министерството и Институтот за акредитација на Република Македонија разменуваат информации кои се однесуваат на акредитацијата на контролните/сертификациски тела.“

Член 27

По членот 51 се додава нов став 51-а, кој гласи:

„Сертификација на производи од увоз

Член 51-а

(1) Субјектот мора да ги пријави увезените органски производи на контролното/сертификациско тело за докажување на сообразноста на увезените производи со одредбите и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Субјектот кој увезува производи со органско потекло не смее да ги пушти во промет производите за кои контролното/сертификациско тело нема издадено сертификат за сообразност на производство на органски производи со земјата увозник.

(3) Трошоците за издавањето на сертификатот се во висина на стварно направените трошоци и се на товар на субјектот.

(4) Формата, содржината и образецот на сертификатот од ставот (2) на овој член, како и начинот на издавањето и пропратната документација која ја придружува пратката со производи со органско потекло ги пропишува министерот.“

Член 28

Во членот 52 ставот (2) се менува и гласи:

„Инспекциски надзор врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори и Агенцијата за храна и ветеринарство преку официјалните ветеринари.“

Во ставот (3) зборовите: „граничен премин или друго место определено или одобрено од царинскиот орган“ се бришат.

Член 29

По членот 52 се додава нов член 52-а, кој гласи:

„Член 52-а

(1) Заради отстранување на утврдените неправилности, државниот инспектор за земјоделство, односно државниот фитосанитарен инспектор или официјалниот ветеринар има право и обврска на субјектот на надзорот:

1) да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување;

2) да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот;

3) привремено да му забрани вршење на дејност, професија или должност;

4) привремено да му одземе предмети и средства со кои е сторено кривично дело или прекршокот во согласност со закон;

5) да му поднесе барање за поведување прекршочна постапка и

6) да му поднесе кривична пријава или да поведе друга соодветна постапка.

(2) Заради отстранување на утврдените недостатоци инспекторот може да врши и други овластувања и одговорности во согласност со овој закон.“

Член 30

Во членот 53 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако при вршење на надзорот официјалниот ветеринар утврди непочитување на одредбите од членовите 24, 26, 27 и 33 на овој закон со решение ќе наложи отстранување на недостатоците во определен временски рок.“

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„(4) Доколку при административната контрола како и при спроведениот инспекциски надзор, Државниот инспекторат за земјоделство ќе утврди дека производите кои доаѓаат од увоз не ја исполнуваат сообразноста на органските производи согласно со овој закон ќе издаде решение за предекларирање на производот.“

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) Доколку субјектот не постапи согласно со решението од ставот (3) на овој член, инспекторот привремено ќе ги одземе производите како и амбалажата за пакување на производот во постапка согласно со Законот за Државен инспекторат за земјоделство.“

Ставот (5) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Трошоците од ставот (5) на овој член се на товар на субјектот.“

Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку инспекторот до комисија за жалби формирана согласно со Законот за Државен инспекторат за земјоделство.“

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку инспекторот до комисија за жалби формирана од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Законот за безбедност на храна.“

Во ставот (7) кој станува став (8) запирката и зборовите: „освен ако со него може да настане материјална штета која не може да се надомести“ се бришат.

Член 31

Членот 56 се менува и гласи:

„Постапка за едукација

Член 56

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за земјоделство ќе утврди дека е сторена неправилност од членовите 58-б точки 1, 3, 4, 5 и 6 и 59-б точки 1, 3, 4 и 5, односно официјалниот ветеринар утврди дека е сторена неправилност од членовите 58-б точка 2 и 59-б точка 2 на овој закон по прв пат, државниот инспектор за земјоделство, односно официјалниот ветеринар е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за земјоделство во рок не подолг од 15 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот инспектор за земјоделство, односно официјалниот ветеринар при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот инспектор за земјоделство, односно официјалниот ветеринар при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, по спроведувањето на постапката за порамнување поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочната Комисија формирана согласно со Законот за Државен инспекторат за земјоделство.

(9) Државниот инспекторат за земјоделство, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.“

Член 32

По членот 56 се додава нов член 56-а, и кој гласи:

“Квартален извештај

Член 56-а

